# Р А С Т

## број 32

## книжевност

## уметност

## култура

Битола 2025

**Издава**
Битолски книжевен круг – Битола

**Лектура**
Гордана Ивановска

**Редакција**
Михајло Свидерски
Мирјана Стојановска
Елизабета Јончиќ

**Тиража**
200

Печат
Графопром Битола

ISSN 1409-9330

Изданието на списанието е финансиски помогнато од Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

# Содржина


**ПОЕЗИЈА** ... 3
КАТИЦА ЃУЛАВКОВА ... 5
МИРЈАНА СТОЈАНОВСКА ... 10
БРАНИСЛАВ ЖИВАНОВИЌ ... 16
ПЕПИ СТАМКОВ ... 20
ЕМЕЉ ТУНА ... 24
СИЛВАНА ДИМИТРИЕВСКА ... 26
СЛАВИЦА ГАЦОВА СВИДЕРСКА ... 29
**ПРОЗА** ... 33
ЕЛИЗАБЕТА БАКОВСКА ... 35
МИХАЈЛО СВИДЕРСКИ ... 40
ЕЛЕНА ОБУХОВА ... 45
НАБИЗАДЕ НАЗИМ ... 48
**ДРАМА** ... 53
КАТЕРИНА МОМЕВА ... 55
**ИНТЕРВЈУ** ... 63
ЛИДИЈА КАПУШЕВСКА – ДРАКУЛЕВСКА ... 65
МИХАЈЛО МАРКОВИЌ ... 70
ВАСКО ЦВЕТКОВСКИ ... 80
СЛАВИЦА ГАЦОВА СВИДЕРСКА ... 86
ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА - ЗЛАТЕВА ... 91
ЉУБИНКА ДОНЕВА ... 98
**СОГЛЕДБИ** ... 109
ЈОВАНКА Д. ДЕНКОВА ... 111
ГАБРИЕЛА СТОЈАНОСКА – СТАНОЕСКА ... 127

**ЈОВАНКА Д. ДЕНКОВА**

821.163.3-31(049.3)

# РОМАНОТ „МИА ВО АМСТЕРДАМ" ОД ЈАНА МИШО – ПРОДОЛЖЕНА АДОЛЕСЦЕНТСКА АВАНТУРА НИЗ УЛИЦИТЕ НА ЕДНА ЕВРОПСКА МЕТРОПОЛА

Романот „Миа во Амстердам" е втор дел или продолжение на романот „Јас сум Миа" на младата авторка Јана Мишо. Исто како и првиот „Јас сум Миа" и овој роман е една урбана романтична комедија напишана во еден ведар тон, која изобилува со многу комични и хумористични елементи.

Во него авторката ни го опишува патувањето на Миа во Амстердам, заедно со помалиот брат Јаков и постарата сестра Јована. Иако тоа го прават секое лето, сепак овој пат Миа се чувствува поинаку, заради врската со Марко. На почетокот од овој роман ја гледаме Миа која е во врска со Марко и таа врска цвета. Се чини дека две недели се преголем временски период кога човек е вљубен и не знае како ќе издржи без својот љубен: „Не можев да одам и точка. Што ќе правам без Марко во Амстердам?!...Ама, стварно нема да издржам без Марко, мамо..."(7).

Вклучувањето во романтични врски е нормативен дел од адолесценцијата. Студиите спроведени во Соединетите Американски Држави покажале дека повеќето тинејџери почнуваат да се забавуваат до крајот на средното училиште. Но, романтичните врски кај адолесцентите се често привремени, а студиите покажаа дека тие обично не траат подолго од една година. Ангажирањето во романтични врски може да им помогне на адолесцентите да постигнат важни развојни цели и да



ЈОВАНКА Д. ДЕНКОВА

**РОМАНОТ „МИА ВО АМСТЕРДАМ“ ОД ЈАНА МИШО – ПРОДОЛЖЕНА АДОЛЕСЦЕНТСКА АВАНТУРА НИЗ УЛИЦИТЕ НА ЕДНА ЕВРОПСКА МЕТРОПОЛА**

Романот „Миа во Амстердам“ е втор дел или продолжение на романот „Јас сум Миа“ на младата авторка Јана Мишо. Исто како и првиот „Јас сум Миа“ и овој роман е една урбана романтична комедија напишана во еден ведар тон, која изобилува со многу комични и хумористични елементи.

Во него авторката ни го опишува патувањето на Миа во Амстердам, заедно со помалиот брат Јаков и постарата сестра Јована. Иако тоа го прават секое лето, сепак овој пат Миа се чувствува поинаку, заради врската со Марко. На почетокот од овој роман ја гледаме Миа која е во врска со Марко и таа врска цвета. Се чини дека две недели се преголем временски период кога човек е вљубен и не знае како ќе издржи без својот љубен: „Не можев да одам и точка. Што ќе правам без Марко во Амстердам?!...Ама, стварно нема да издржам без Марко, мамо...“(7).

Вклучувањето во романтични врски е нормативен дел од адолесценцијата. Студиите спроведени во Соединетите Американски Држави покажале дека повеќето тинејџери почнуваат да се забавуваат до крајот на средното училиште. Но, романтичните врски кај адолесцентите се често привремени, а студиите покажаа дека тие обично не траат подолго од една година. Ангажирањето во романтични врски може да им помогне на адолесцентите да постигнат важни развојни цели и да имаат трајно влијание врз нивните подоцнежни врски, семејни ситуации и брачни исходи за време на зрелоста. Исто така, може позитивно да влијае на самодовербата на тинејџерите, на нивните социјални компетенции и да им обезбеди социјална поддршка.[1] Иако со противење и непотребно драматизирање на аеродромот пред самото полетување, Миа сепак заминува кај чичко ѝ, зашто сепак не сака да биде како „обичните“ девојки: „Не морам да бидам како оние што се црева со дечковците и не поминуваат ни еден саат без да се чујат и да се полигават“ (8). Ова разбивање на предрасудите е присутно и кога ќе стигнат во Амстердам, каде, во новата средина, ја дочекува изненадување, а тоа е новото познанство со убавиот и згоден Макс, кој има 18 години и е внук на девојката на нејзиниот чичко, Мариса: „Косата, светла, собрана во мало опавче на тилот, светла брада (малку), сини очи, веројатно нешто помал од Јована, а поголем од мене...Типот е преубав...Очекував со таа фризура и со тие долги трепки, да биде понепријатен. Нели, како на филм, кога ќе дојдеш некаде каде што знаеш дека ти е супер и одеднаш имаш смртен непријател што нонстоп ти прави незгодно? Така замислував“ (11-13). Макс станува нејзиниот најверен придружник и одговорно лице за забава додека е во Амстердам, особено за ноќно излегување. Макс, задолжен за шетање и забава, ја носи Миа во џез клубови, во хорор ексејп-рум и на секаков начин се труди да ѝ го направи престојот интересен.

Возбудливоста од откривање и доживување нови работи се составен дел на ова дело. Миа е јутјуберка и снима видеа кои ги прикачува на својот јутјуб канал. Постојано слика и праќа слики на нејзината другарка Сара и нејзиниот сакан Марко. При една таква еуфорична атмосфера во кафе бар, Миа, сакајќи да испрати слика од неа и Макс на својата другарка Сара, на која патем, многу ѝ се допаѓа Макс, сосема случајно и без да забележи, Миа му ја испраќа сликата на Марко. Така, „селфито“ со Макс завршува кај Марко и тука настанува првата кризна точка, зашто следува загриженост кај Миа каква ќе биде реакцијата на Марко: „Не дека има нешто страшно, де...Ама, зошто морав да му го испратам на Марко?!...Сега, ако ми се налути Марко?!...Па, и да сум му испратила фотографија од излегување! Што ако?! За тоа ли ќе биде љубоморен?! Толку ли не ми верува?! Ете, ми се упропасти целиот одмор. Не

[1] Van Ouytsel, J., Walrave, M., Ponnet, K., Willems, A. S., & Van Dam, M. (2019). Adolescents' perceptions of digital media's potential to elicit jealousy, conflict and monitoring behaviors within romantic relationships. *Cyberpsychology: journal of psychosocial research on cyberspace.-Brno*, *13*(3), UNSP-3. https://doi.org/10.5817/CP2019-3-3, 16/02.2025

знам како ќе ги поминам овие две глупави недели. Марко нема да ми пишува воопшто и на крајот ќе се вратам дома и ќе ми раскине. За ништо“ (20-21). Овде, повторно, како и во првата книга од овој серијал, насловена како „Јас сум Миа“, авторката проговорува за преголемата зависност од социјалните медиуми, како и прашањето за преголемото експонирање на истите.[2] Социјалните медиуми влијаат на романтичните врски на адолесцентите на неколку начини. На пример, претходното истражување покажа дека социјалните медиуми го олеснуваат процесот на релационо барање информации за потенцијалните романтични партнери, дозволувајќи им на поединците да дознаат повеќе едни за други преку нивните профили на социјалните мрежи, со слики се смета за најважен извор на информации. Тие, исто така, им помагаат на корисниците да изразат посветеност во рамките на нивните романтични врски, дозволувајќи им да го споделат статусот на нивната врска, објавувајќи заеднички слики од парот или дозволувајќи им на паровите да споделуваат јавни објави на интернет на интернет за тоа колку ги сакаат своите романтични партнери). Социјалните медиуми и инстант пораките, исто така, им овозможуваат на тинејџерите да останат поврзани, да комуницираат и да одржуваат интимност со нивниот романтичен партнер за време на разделба. Според истражувањето на Pew Research Center, 59% од тинејџерите со претходно искуство во врска велат дека социјалните мрежи ги прават да се чувствуваат повеќе поврзани со она што се случува во животот на нивниот значаен друг“, а 44% сметаат дека тоа ги прави да се чувствуваат емотивно поблиски со нивните романтични партнери. Иако социјалните мрежи може да ги зголемат чувствата на поврзаност, забележано е дека некои адолесценти може да чувствуваат притисок секогаш да бидат поврзани со нивните романтични партнери и брзо да одговорат на нивните пораки и телефонски повици.[3]

Што се однесува до критичната слика која случајно доспева кај Марко, од книгата е евидентно дека Марко не е воопшто љубоморен или, барем не покажува љубомора во книгата: „Миа, бе. Па, толку ли сум селјак да се лутам што ти било забавно првата вечер?-ми рече Марко од другата страна на линијата со поспан глас“ (22). Теориите на еволутивната психологија предвидуваат разлики во љубомората меѓу момчињата и девојчињата, од кои може да произлезат родови разлики во насилното однесување кон партнерот. Момчињата и девојчињата не се разликуваат по интензитет или зачестеност на љубомора, но се разликуваат по реакција и чувствителност на различни видови неверство, бидејќи досега не се соочиле со идентични проблеми кога е во прашање чувањето партнер.[4]

Втората кризна точка повторно е заради социјалните медиуми, зашто Миа знае колкаво може да биде нивното разорно влијание врз нечиј живот. Имено, при снимањето на еден нов влог за својот јутјуб канал, додека вклучена во живо шета низ станот и раскажува за својот престој во Амстердам, зад неа се појавува Макс и им мавнува со рака на гледачите. Тоа предизвикува бура од реакции и прашања, а Миа е ставена во многу независна ситуација и повторно станува цел на онлајн трачеви.

[2] Denkova, Jovanka (2024) *The novel "I am Mia" by Jana Misho - a reflection of the life of young adolescents.* In: 11. Uluslararasi Çpcuk ve genclik edebiyati sempozyumu bildiriler kitabi, 04-05 Oct 2024, Ankara, Turkey. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34932, 16.02.2025

[3] Van Ouytsel, J., Walrave, M., Ponnet, K., Willems, A.-S., & Van Dam, M. (2019). Adolescents’ perceptions of digital media’s potential to elicit jealousy, conflict and monitoring behaviors within romantic relationships. Cyberpsychology: Journal of Psychosocial Research on Cyberspace, 13(3), article 3. https://doi.org/10.5817/CP2019-3-3, 16.02.2025

[4] Michalski RL, Shackelford TK. Evolutionary personality psychology: Reconciling human nature and individual differences. *Personality and Individual Differences,* 2010; 48:509-16. doi:10.1016/j.paid.2009.10.027, 16.02.2025

Моќта на социјалните мрежи стапува на сила, па сосема логично е што овојпат таа се грижи дали Марко ќе се налути:

„Екранот јавуваше дека Марко сè уште беше вклучен. Под неговото име почнаа нови коментари.

–Кој е тоа?

-Аааааа Миаааааа!

-Имаш нов дечко?

-Убав е!

-Кој еееееее?

Марко се исклучи. Марко се исклучи пред да успеам да кажам што и да е!“ (36) Во понатамошните разговори со Марко, таа почнува да чувствува дека тој е малку чуден и замислен додека разговараат, но тој отворено не покажува никаква љубомора. Неговото чудно однесување го потврдува и најдобрата другарка на Миа – Сара.

Сосема поинаква ситуација се случува кога, благодарение на социјалните медиуми Миа ќе види дека некоја Лала 02 објавила слика од Марко. Нејзината реакција е сосем поразлична од очекуваната љубоморна реакција на Маро заради сликата со Макс (која, патем, изостанува). Кога Миа ќе го види Марко на една слика во кола, сликана од некоја Лала02, тоа ќе покрене љубоморна лавина кај неа. Почнува да го преиспитува неговото претходно однесување (отсутност, замисленост, слаба комуникација со неа) и секако, заклучува дека нешто се случува и тој крие. Како резултат на тоа, се случува и првата кавга со Марко. Бурните реакции на Миа во наплив на љубомора, барајќи објаснување од Марко, која е Лала02, тој ги смирува објаснувајќи и дека се работи за новата девојка на Давид и повторно го потврдува нејзиното неосновано бурно реагирање. Секако, кавгата нема основана содржина, што е карактеристично за променливото расположение на главната хероина, Миа, а уште повеќе за нејзините години: „Дали е ова доволно за вас, разузнавачка службо? Не се брзај да ми се јавуваш по ова. Ќе разговараме кога ќе дојдеш.“

Тинејџерите на 16 години, кои не се ниту деца, ниту возрасни, туку адолесценти, често влетуваат во некакви ситуации, бурно реагирајќи, честопати без некоја реална причина. Измешаните чувства на адолесцентите и нивната честа променливост, нивните заблуди и погрешни толкувања, авторката ни ги претставува на мајсторски начин преку нивниот начин на реагирање. Таа тоа го прави на еден многу интересен начин, успевајќи да ни ги наслика и мошне умешно да ни ги пренесе реакциите на јунаците во ова свое дело.

Истовремено, кај Миа расте збунетоста и во однос на Макс, кој ѝ се допаѓа на некој нејасен начин, за што и самата е изненадена: „Зошто ми е толку битно во какво издание ќе ме види типот? Збунетоста е оправдана, зашто и самиот Макс почнува да пројавува одредена наклонетост, со некакви индиции кон неа: „Па, мислам дека конечно можам да се загледам во друга девојка...Зошто ми го кажа тоа така значајно?“ (49). Пријателството со Макс расте и двајцата споделуваат многу работи од нивниот живот, вклучувајќи ги тука и нивните љубовни врски, па сосема логично се наметнува прашањето: На повидок е големо и прекрасно пријателство, или можеби нешто повеќе? Моменталната одушевеност од Макс не проаѓа незабележано кај нејзината сестра Јована, која како постара и поискусна, правилно ја советува, но Миа налутено одговара на дофрлањата од нејзината сестра Јована, кои се во контекст на односот со Макс и прераснувањето на нивното пријателство во нешто повеќе: „Сакам да кажам дека си во еден меур од сапуница наречен Амстердам. Марко ти е далеку. Макс ти е блиску. Марко не ти пишува. Макс те шета како принцеза. Ама, кога ќе се вратиме дома, меурот наречен Амстердам ќе пукне. Тогаш останува само Марко, нели?“ (50).

Иако голем дел од литературата за браќата и сестрите се фокусира на детството, односите меѓу браќата и сестрите се најдолготрајните врски во животот на повеќето луѓе и нивното влијание е очигледно во текот на целиот животен век. Овој потенцијал за доживотно влијание го насочува вниманието кон улогата на браќата и сестрите во домени на развој кои се појавуваат по детството. Многубројните истражувања покажале дека постарите сестри често се оние на кои младите адолесценти-сестри им се доверуваат. Поточно, дејствијата што ја сочинуваат улогата на човек од доверба била споделување информации, споделување на мислења, барање мислење/совет од нивните сестри и прашување за искуствата и идните планови на нивните сестри. Тие доверливи разговори најчесто опфаќале разговор за многу теми, вклучувајќи ги нивните романтични односи и сексуални искуства, романтичните односи и сексуалните искуства на нивните врсници и колку удобно се чувствуваат кога разговараат меѓу себе за овие прашања во споредба со разговорите со нивните родители.[5] Младата Миа е свесна дека советите на нејзината сестра Јована се правилни, иако изостанува нејзината реакција, заради збунетоста со која е обземена. Врската меѓу нив две особено ќе се зацврсне кога кон крајот од романот, седејќи до Јована во авионот на враќање, Миа е прва со која нејзината сестра ја споделува најновата вест дека е примена на факултет во Париз и дека и покрај стравот од новото и неизвесноста, сепак ќе оди. Тоа споделување, таа сестринска доверба многу ѝ значи на Миа. Таа се чувствува посебно затоа што сестра ѝ првпат ѝ кажува нешто прво на неа, ѝ ја кажува својата тајна, пред да ја сподели со другите членови на семејството.

По разочарувањето заради кавгата со Марко, Миа излегува сама на улица и запаѓа во опасна ситуација кога на улица. Се работи за човек со ментални проблеми, кој постојано ги плаши туристите, а овојпат цел на неговиот напад е самата Миа. Но, таа решава да се бори, иако се наоѓа сама на улица, изгубена и исплашена, во туѓ и голем град. Успева трезвено, со сета своја присебност и одлучност да се одбрани и да го избрка напаѓачот: „Во тој момент, се избезумив. Се избезумив затоа што ме фати со неговата грозна рака, се избезумив затоа што мислев дека ќе ме удри, дека ќе ме убие, ни телефонот не ми беше веќе проблем. Обидувајќи се да се ослободам од неговиот стисок, погледнав надолу и видов дека е бос. Го згазнав најсилно што можев. Ме пушти и викна гласно од болка“ (62). На овој начин, авторката ги насликала двете контрастни лица на еден голем европски град во кој покрај богатиот културно-забавен живот, постојат и мноштво опасности сокриени во неговите сенки.

Во ова дело на младата авторка Јана Мишо, семејството е прикажано како најважен поддржувачки фактор во животот и развојот на младите адолесценти. Имено, по сите бурни настани, на Миа отрезнувачки делува разговорот со нејзиниот татко, кој ја сослушува и секако има целосно разбирање за неа и нејзините драматизирања и проблеми. Татко ѝ, како секогаш ѝ го дава најдобриот и најдрагоцен совет: „Мораш да разбереш дека секој човек носи проблеми со себе што не се секогаш очигледни. Сега сте мали и мислите дека сѐ можете да си кажете, ама во исто време сте баш на една возраст каде што почнува да ви се случува и по нешто сериозно“. Па така тој го допира егзистенцијалното прашање и борбата родителите по секоја цена да ги поштедат своите деца од тие нивни стравови и проблеми: „Си забележала ли дека мајка ти веќе две недели се плаши дека ќе ѝ пропадне фирмата, ќе мора да ги отпушти сите и да остане без работа?...Си забележала ли дека Јована веќе еден месец се мисли да го напушти факултетот и да се запише на друг, во Париз, и дека поради тоа е многу исплашена?“ (86). Значи, овде преку зборовите на таткото авторката ни ја пренесува

[5] Killoren, S. E., & Roach, A. L. (2014). Sibling conversations about dating and sexuality: Sisters as confidants, sources of support, and mentors. *Family Relations, 63*(2), 232-243. doi:10.1111/fare.12057., 17.02.2025

големата заштитничка улога и борба на родителите за своите деца и нивно поштедување од суровата реалност со сите нејзини проблеми. Значи, се работи за големи и решавачки одлуки и реални проблеми, кои го засегаат целото семејство, а сепак, Миа е поштедена од нив. По таквиот отрезнувачки и искрен разговор со татко си, следува ново стори на Интернет од Миа, насловено како „Родителите не се секогаш толку неподносливи“. За правилниот психолошки развој на ќерките е важно и кога ќерката ќе наиде на помош и поддршка од нејзиниот татко да ги истражи своите вештини и да ги развие своите таленти. Таткото треба да создаде безбедна и заштитна средина за својата ќерка не само физички, туку и емоционално, а однесувањето на таткото треба да биде такво што ќерката никогаш да не треба се плаши да ги сподели своите чувства. Здравиот однос со таткото ја спречува ќерката да се плаши од воспоставување каква било интимна врска во нејзиниот иден живот.[6]

По ненадејната вест за итно враќање дома, следуваат настани како на филмска лента. Последната вечер ја поминуваат во ресторан сите заедно, а потоа во џез клубот на заедничка свирка, затоа што сите се музичари и музиката е таа што ги поврзува заедно. Моментот кога во таа еуфорична ноќ, Макс се обидува да ја бакне ѝ носи ново сознание, дека многу го сака Марко и страшно ѝ недостига, па затоа може да му одолее на овој шармантен убавец: „Пред да сфатам што се случува, Макс ме повлече кон себе и веќе следниот момент  сфатив дека – ме бакнува. И ненормалното во тие делчиња од секунда беше што мозокот ми вртеше со милион на час – Да, да, тој мене да, ама јас него не, не му враќам!“ (101).

Случувањето непредвидливи работи е составен дел од животот, па така повредата на тапанарот од групата, ја става Миа на неговото место и ја прави дел од еден еуфоричен настап: „Макар и да се избрукам и да не личи моето свирење на ништо. И онака никој нема да го памети тоа. Ќе ја паметат средношколката која свиреше на контрабас во џез-клуб во Амстердам. Дали има шанси да направам будала од себе? Огромни. Дали ќе одам да свирам? Да. Мајка ми веќе намести за снимање лајв преку мојот телефон. Јас станав и ми се сврте малку во глава. А да. Шотови, коктели и пиво“ (97-98). Последната наративна секвенца открива еден момент кој е загатнат во книгата – конзумацијата на алкохот од страна на адолесцентите.

Пробувањето на нови нешта и експериментирањето со нив е одлика на љубопитноста што ги краси адолесцентите. Иако се свесни дека прекумерната употреба на алкохол може да има несакани последици, очекувањата на младите од пиење се позитивни од нивна гледна точка - младите пијат затоа што мораат да го пробаат, да се чувствуваат добро, затоа што и другите пијат, затоа што кога пијат не се срамат пред другите, затоа што е „кул“, затоа што не сакаат да се разликуваат од другите, затоа што сакаат да пијат, да ги заборавaат проблемите, да соберат храброст, да не им е досадно и сл.[7] Консумацијата на алкохол кај младите е во пораст и покрај забраната за продажба на алкохолни пијалоци на лица кои се уште не се полнолетни, односно оние кои не наполниле 18 години, младите денес успеваат да го добијат. Тие се снаоѓаат на различни начини, главно постари членови на општеството кои се полнолетни купуваат алкохол за консумирање од страна на малолетните членови. Во зависност од општеството и ставовите, родителите на многу млади луѓе може да

[6] Zia, A., & Ali, S. (2014). Positive father and daughter relationship and its impact on daughter’s interpersonal problems. *Journal of Social Sciences and Humanities*, *53*(2), 61-68.
[7] Kuzman, M. (2009). Adolescencija, adolescenti i zaštita zdravlja. *Medicus, 18*(2_Adolescencija), 155-172. https://hrcak.srce.hr/57135, 18.02.2025

обезбедат алкохол и за домашни забави.[8] Токму такво е и пробувањето, односно пиењето алкохол од страна на Миа во џез клубот. Се разбира, скришум, без да ја види некој: „Нарачаа пијачки. И покрај тоа што го нарачаа, келнерот донесе послужавник со шотови. ...Тајно забележав дека остана уште еден. И додека се занимаваа со инструментите, а мајка ми гледаше некаде настрана, го грабнав, го испив и ја вратив чашата. Ме виде само Јована, која ги ококори очите, молежливо ја погледнав и го ставив прстот на устата...Се разбира дека украдов уште еден и овој пат сите беа презафатени за да ме видат“ (91, 93).

Крајот на вечерта и носи поразителна вест и новост. Сара ѝ пишува дека родителите на Марко се разведуваат. Овој реален проблем удира со сета своја големина и сила во свеста на Миа и таа ја сфаќа минорноста и глупавоста на нејзините проблеми, наспроти сериозноста и реалната големина на проблемот на Марко. И сега преку овој проблем авторката ја допира често третираната тема во адолесцентската книжевност, а тоа е разводот, односно распаѓањето на семејството како функционална заедница. Разводот е нешто што најтешко ги погодува и во голема мера ги збунува децата, кои се соочуваат со кардинална промена во својот живот и знае да биде многу трауматично искуство.

Таква збунета и поразена од ова сознание, Миа го прашува својот чичко:

> „Страшно е развод?“
>
> На што, тој одговара:
>
> „Обично да“, рече, малку збунет, но подготвен.„Ама, не мора да биде.... Па, добро е, затоа што до развод доаѓа кога едниот или двајцата веќе не сакаат да бидат во брак...А што мислиш, подобро е да бидеш во брак со некој што не сака да биде со тебе или подобро е да ти биде страшно во моментот, ама да се разведеш и да си најдеш некој што сака да биде со тебе“ (106-107)

Разделбата и разводот на родителите претставуваат стресни животни настани за децата, бидејќи предизвикуваат промени, од кои многу, за жал се негативни: финансиски проблеми, преселби во куќата, губење на значајни врски (на пример, со пошироки семејства, пријатели, итн.) и конфликт. Згора на тоа, родителите се еден од најважните извори за социјализација на нивните деца и веројатно е дека родителите кои одлучуваат за разделба се повеќе склони кон отвореност кон промени, а помалку кон конформизам.[9]

Кога се враќа дома, Миа нестрпливо и по силен дожд трча кај Марко, сакајќи да го види и му се најде во тие за него тешки моменти. Го остава тој да раскаже за разводот на родителите и она низ што минувал. Многубројни студии покажуваат дека адолесцентите кои искусиле развод на родителите во детството (просечна возраст 7,8 години) имале негативен развој на анксиозност и депресија, субјективна благосостојба, самодоверба и училишни проблеми. Адолесцентите кои минуваат низ развод на родителите, се изложени на ризик од уште понегативен развој во споредба со другите во овој период. Се чини дека разводот на родителите продолжува да влијае на децата дури и години по неговото појавување.[10]

---

[8] Levanić, M. (2021). *ADOLESCENCIJA I RIZIČNO SPOLNO PONAŠANJE* (Doctoral dissertation, University of Rijeka. Faculty of Health Studies. Department of Midwifery). https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:184:333234, 18.02.2025

[9] Rosnati, R., Barni, D., & Uglia, D. (2014). Adolescents and parental separation or divorce: The protective role of values against transgressive behavior. *Procedia-Social and Behavioral Sciences, 140,* 186-191., DOI: 10.1016/j.sbspro.2014.04.407, 18.02.2025

[10] Størksen, I., Røysamb, E., Moum, T., & Tambs, K. (2005). Adolescents with a childhood experience of parental divorce: a longitudinal study of mental health and adjustment. *Journal of adolescence*, *28*(6), 725-739., doi:10.1016/j.adolescence.2005.01.001, 18.02.2025

За среќа во ова дело авторката Јана Мишо ни го претставува Марко како многу зрело и паметно дете, кое водено од меѓусебните кавги и инает на родителите, разводот го доживува како нешто логичен крај на една таква врска. Тоа, воедно, е и позитивната страна на овој аспект во книгата - авторката на еден поинаков начин ни го пренесува разводот и начинот на кој Марко го прифаќа. Ни го претставува и пренесува на помалку трауматичен начин. На прашањето од Миа дали му е многу тешко, тој одговара:

> „Па, Миа,имам 17 години“, рече Марко, издишувајќи.„За мене и не е така битно дали се заедно или не, се додека се среќни. Да патам по заеднички појадоци што и онака не сме ги имале десет години?“ заклучи Марко како да зборува за нешто многу поедноставно. „Не ме гледај така. Имав долго време да се спремам“, се насмевна“ (124)

Предвреме пораснат заради околностите во кои го доведуваат родителите со своето однесување, Марко е едно умно, помирливо дете, полно со разбирање за своите родители и целокупната ситуација во која се наоѓаат.

На крај, книгата завршува со постојаната младешка преокупација, социјалните медиуми, па да ги демантираат онлајн-трачевите кои кружат за нив, а и да ја докажат својата љубов пред сите, Миа и Марко снимаат заедничко стори – потврда за нивната љубов.

Романот изобилува со интересни настани и доживувања на познатата хероина – Миа, а тоа што е пишуван со јазик непосреден и лесно разбирлив, го прави читлив и прифатлив за секаква читателска публика.

Литература


1. Мишо, Ј. (2020). Миа во Амстердам, Арс Либрис, Арс Ламина-публикации, Скопје.
2. Denkova, Jovanka (2024) *The novel "I am Mia" by Jana Misho - a reflection of the life of young adolescents.* In: 11. Uluslararasi Çpcuk ve genclik edebiyati sempozyumu bildiriler kitabi, 04-05 Oct 2024, Ankara, Turkey. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34932, 16.02.2025
3. Killoren, S. E., & Roach, A. L. (2014). Sibling conversations about dating and sexuality: Sisters as confidants, sources of support, and mentors. *Family Relations*, *63*(2), 232-243. doi:10.1111/fare.12057., 17.02.2025
4. Kuzman, M. (2009). Adolescencija, adolescenti i zaštita zdravlja. *Medicus*, *18*(2_Adolescencija), 155-172. https://hrcak.srce.hr/57135, 18.02.2025
5. Levanić, M. (2021). *ADOLESCENCIJA I RIZIČNO SPOLNO PONAŠANJE* (Doctoral dissertation, University of Rijeka. Faculty of Health Studies. Department of Midwifery). https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:184:333234, 18.02.2025
6. Michalski RL, Shackelford TK. Evolutionary personality psychology: Reconciling human nature and individual differences. *Personality and Individual Differences*, 2010; 48:509-16. doi:10.1016/j.paid.2009.10.027, 16.02.2025
7. Rosnati, R., Barni, D., & Uglia, D. (2014). Adolescents and parental separation or divorce: The protective role of values against transgressive behavior. *Procedia-Social and Behavioral Sciences*, *140*, 186-191., DOI: 10.1016/j.sbspro.2014.04.407, 18.02.2025
8. Størksen, I., Røysamb, E., Moum, T., & Tambs, K. (2005). Adolescents with a childhood experience of parental divorce: a longitudinal study of mental health and adjustment. *Journal of adolescence*, *28*(6), 725-739., doi:10.1016/j.adolescence.2005.01.001, 18.02.2025
9. Van Ouytsel, J., Walrave, M., Ponnet, K., Willems, A. S., & Van Dam, M. (2019). Adolescents' perceptions of digital media's potential to elicit jealousy, conflict and monitoring behaviors within romantic relationships. *Cyberpsychology: journal of psychosocial research on cyberspace.-Brno*, *13*(3), UNSP-3. https://doi.org/10.5817/CP2019-3-3, 16/02.2025
10. Zia, A., & Ali, S. (2014). Positive father and daughter relationship and its impact on daughter’s interpersonal problems. *Journal of Social Sciences and Humanities*, *53*(2), 61-68.